Уп. бр.08-95

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од АС ИутеКредит Европа (AS IuteCredit Europe), со седиште на Маакри ТН бр.19/1, 10145 Талин, Хаарју Мааконд, Област Кекслина, Естонија, преку адвокат Татјана Давчев од Скопје, на седницата одржана на ден 06.07.2022 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. Се утврдува дека концентрацијата со која АС ИутеКредит Европа (AS IuteCredit Europe), со седиште на Маакри ТН бр.19/1, 10145 Талин, Хаарју Мааконд, Област Кекслина, Естонија се стекнува со целосна контрола над ЕНЕРГБАНК Комерцијална акционерска банка (Banca Comercială ENERGBANK SA), со седиште во Кишињев на улица Тигхина 23/3, Република Молдавија, по пат на стекнување на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 08.06.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на АС ИутеКредит Европа (AS IuteCredit Europe), со седиште на Маакри ТН бр.19/1, 10145 Талин, Хаарју Мааконд,

Област Кекслина, Естонија, со која АС ИутеКредит Европа, Естонија се стекнува со целосна контрола над ЕНЕРГБАНК Комерцијална акционерска банка, (Banca Comercială ENERGBANK SA), со седиште во Кишињев на улица Тигхина 23/3, Република Молдавија, по пат на стекнување на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

АС ИутеКредит Европа е холдинг друштво за компаниите во ИутеКредит Групацијата чија главна дејност е одобрување на потрошувачки кредити и останати финансиски услуги преку своите 100% поседувани подружници во Молдавија, Албанија, Македонија, Бугарија и Босна и Херцеговина.

На територијата на Република Северна Македонија АС ИутеКредит Групацијата е присутна преку својата подружница Иуте Кредит Македонија ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. 1732, бр. 4 Ламела А/ДП бр.1, Центар, Скопје, лиценцирано финансиско друштво со главна дејност одобрување на кредити и издавање и администрирање на кредитни картички.

ЕНЕРГБАНК Комерцијална акционерска банка е комерцијална банка основана во 1997 година и листирана на берзата во Молдавија. ЕНЕРГБАНК Комерцијална акционерска банка е активна на финансискиот пазар во Молдавија со мрежа од 45 експозитури. Обезбедува банкарски услуги за население и правни лица, како кредити, сметки, домашен и меѓународен платен промет, електронско банкарство и платежни картички.

ЕНЕРГБАНК Комерцијална акционерска банка нема ниту своја регистрирана подружница нити претставништво во Северна Македонија, а исто така нема деловна активност и не остварува приход.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната

конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**